# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 46** **26 февруари 2019, вторник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 732. | **Указ** бр. 55 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 2 |
| 733. | **Указ** бр. 57 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 2 |
| 734. | **Указ** бр. 58 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 2 |
| 735. | **Указ** бр. 59 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 2 |
| 736. | **Указ** бр. 60 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 3 |
| 737. | **Указ** бр. 61 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 3 |
| 738. | **Указ** бр. 62 од Претседателот на Република Македонија ...................... | 3 |
| 739. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје ..... | 3 |
| 740. | **Одлука** за укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји, кои имаат регулирано привремен престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор.................... | 4 |
| | **Огласен дел** ....................................... | 1-44 |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**732.**
**Указ бр. 55**
**25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 84 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија и член 18 став 1 од Законот за одликувања и признанија на Република Македонија

**СЕ ОДЛИКУВААТ:**

**ЕМИНИ ЏЕЛАЛ ОМЕР**
**РЕЏЕПИ МУХАРЕМ БУЈАМИН**
**ФЕТА НЕЈАЗИ СЕМИР**
**САЉИХИ ФИХАТ СЕЉАДИН**

**со МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ**

за покажаната исклучителна храброст и пожртвуваност со лично залагање како професионални војници и припадници на Армијата на Република Македонија, придонеле за навремено укажување на помош и извлекување на настраданите во сообраќајната несреќа што се случи кај селото Ласкарци, на патниот правец Скопје -Тетово.

Број 08-273/1 — Претседател
25 февруари 2019 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**733.**
**Указ бр. 57**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ УНАПРЕДУВА**

**во чин генерал потполковник**

**генерал мајор ВАСКО Данило ЃУРЧИНОВСКИ**

ФЧ: генерал мајор, по формација генерал потполковник

лична ВЕС: 31040

Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-274/1 — Претседател
25 февруари 2019 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**734.**
**Указ бр. 58**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**бригаден генерал ЈОРДЕВ Драган ОРЦЕ**

**ЗА ЗАМЕНИК НА КОМАНДАНТОТ НА ЗДРУЖЕНАТА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА, ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ФЧ: бригаден генерал, по формација бригаден генерал

лична ВЕС: 31040

до сега: Началник на штаб во Здружената оперативна команда, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-275/1 — Претседател
25 февруари 2019 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**735.**
**Указ бр. 59**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**бригаден генерал ЃОРГОСКИ Тито МИРЧЕ**

**ЗА ВОЕН ПРЕТСТАВНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ НАТО ВО БРИСЕЛ, КРАЛСТВО БЕЛГИЈА**

ФЧ: бригаден генерал, по формација генерал мајор

лична ВЕС: 31040

до сега: Командант на 1. Механизирана пешадиска бригада, во Здружената Оперативна Команда, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-276/1 — Претседател
25 февруари 2019 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**736.**
**Указ бр. 60**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**полковник ДРАГАН Ѓорѓи КОВАЧКИ**

**ЗА КОМАНДАНТ НА 1.МЕХАНИЗИРАНА ПЕШАДИСКА БРИГАДА, ВО ЗДРУЖЕНАТА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА, ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ФЧ: полковник, по формација бригаден генерал

лична ВЕС: 31040

до сега: Началник на С-3 Секција за Операции и борбена готовност во 1. Механизирана пешадиска бригада, во Здружената Оперативна Команда, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-277/1
25 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**737.**
**Указ бр. 61**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**полковник ЕМИНИ Сабедин БЕСНИК**

**ЗА НАЧАЛНИК НА ШТАБ ВО ЗДРУЖЕНАТА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА, ВО ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ФЧ: полковник, по формација бригаден генерал

лична ВЕС: 31040

до сега: Заменик командант, во 1. Механизирана пешадиска бригада, во Здружената Оперативна Команда, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-278/1
25 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

**738.**
**Указ бр. 62**
**Од 25 февруари 2019 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015), член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015 и 193/2015)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**полковник ЈУРИШИЌ Мирослав МАРИЈО**

**ЗА ОДБРАНБЕНО АТАШЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРИЗ-РЕПУПЛИКА ФРАНЦИЈА**

ФЧ: полковник, по формација полковник

лична ВЕС: 31040

до сега: Помошник раководител на Сектор за човечки ресурси, во Министерството за одбрана

Овој Указ да се изврши веднаш.

Број 08-279/1
25 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**739.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 февруари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ИНСТИТУТ ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Димензии | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Болнички кревет со рачен механизам за подигање на делот кај грбот и главата на пациентот | 200цм x 90цм | парче | 31 |
| 2 | Душек за болнички кревет | 190цм x 90цм x 13цм | парче | 14 |
| 3 | Наткасна за пациент | 80цм x 50цм x 38цм | парче | 11 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија – Скопје склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Институт за физикална медицина и рехабилитација – Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 45-709/1<br>19 февруари 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

---

**740.**

Врз основа на член 7 алинеја 7 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 февруари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УКИНУВАЊЕ НА ВИЗИТЕ ЗА КРАТКОРОЧЕН ПРЕСТОЈ (ВИЗА Ц) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ НОСИТЕЛИ НА ВАЛИДНИ ПАТНИ ИСПРАВИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ, КОИ ИМААТ РЕГУЛИРАНО ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ВО ЗЕМЈА ЧЛЕНКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ИЛИ ПОТПИСНИЧКА НА ШЕНГЕНСКИОТ ДОГОВОР**

Член 1

Со оваа одлука странец може да влезе во Република Северна Македонија и да престојува до 15 дена, без да поседува важечка виза за краткорочен престој (виза Ц), ако е носител на валидна патна исправа на трета земја, а има регулирано привремен престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор, со рок на важност на регулираниот престој подолг од најмалку пет дена од планираниот престој во Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи да ја спроведат оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 45-1109/1<br>19 февруари 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |


СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019046